# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 07 Јуни 2013 година Скопје Бр.9 Год.VIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров........2
2. Одлука за донесување на Детален Урбанистички План населба Хром-дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров-Скопје........5
3. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година........12
4. Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките за даноци и комунални такси на Општина Ѓорче Петорв........14
5. Одлука за набавка на нови патнички моторни возила........17
6. Одлука за набавка на половно товарно моторно возило-кипер........20
7. Одлука за единствен износ на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните Избори 2013 година........23
8. Одлука за формирање на Локален Совет за Превенција........26
9. Одлука за покренување на иницијатива за организирање на подрачно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“........30
10. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште„Ѓорче Петров“ –Скопје........33
11. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште„Мирче Ацев“ –Скопје........ 35
12. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште„ ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“–Скопје........37
13. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште „Страшо Пинџур“ –Скопје........39
14. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште„ Тихомир Милошевски “ –Скопје........41
15. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишниот одбори во Основното училиште„ Јоаким Крчовски “ –Скопје........43
16. Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во Управниот одбор во ЈОУДГ „Росица“-Општина Ѓорче Петров........45


**Јуни 2013, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08-1776/1**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (“Службен весник на Република Македонија“ бр.06/2012), член 162 од Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07,130/08,97/10,53/11 и 185/11) ,член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (“Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр. 5/06 и 6/12), и Извештајот од спроведена постапка бр.05-121/16 од 03.06.2013 година од Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, Советот на Општина Ѓорче Петров, на 4-тата седница одржана на 07.06.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ѓорче Петров, по спроведена постапка по Оглас бр. 03-121/4/2013 за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров ( во понатамошниот текст: Договор за јавно приватно партнерство), ја избира понудата од понудувачот **Друштво за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: Приватен Патрнер).**

**Член 2**

Предмет на договорот за јавното приватно партнерство е:

- Проектирање на административно - деловната зграда
- Изградба на административно деловната зграда која ќе ги задоволува условите на одржлив развој, особено за животната средина, урбанистичко архитектонските стандарди и енергетските потреби (употреба на обновливи извори на енергија и примена на енергетска ефикасност), со бруто површина од 15.000м$^2$ од која 3.600м$^2$ бруто површина административен простор во корист на Јавниот партнер- Општина Ѓорче Петров, а 11.400м$^2$ бруто површина деловен простор во корист на Приватниот партнер, согласно избраната понуда и подземен паркинг простор со потребен број на паркинг места согласно законскта регулатива, со можност за зголемување на паркинг местата над законскиот минимум, од кои 40 паркинг места во корист на Приватниот партнер, а останатите во корист на Приватниот партнер;
- Финансирање на проектирањето и изградбата на административно–деловната зграда од страна на Приватниот партнер.

**Член 3**

Административно – деловната зграда предмет на Договорот за  јавно приватно партнерство ќе се гради на територија на Општина Ѓорче Петров, на градежна парцела која согласно важечката урбанистичка документација претставува ГП бр. 2.3.4, со вкупна површина од 8.152 $м^2$.

**Член 4**

Договорт за  јавно приватно партнерство ќе биде во важност до истекот на гаранцијата за гарантниот период за административниот дел од објектот – сопственост на Јавниот партнер – Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Приватниот партнер е должен да го потпише Договорот за  јавно приватно партнерство  во рокот на важност на понудата.

**Член 6**

Рокот во кој Приватниот партнер е должен да  ја изготви проектната докумантација за административно – деловниот објект и подземниот паркинг простор и за истата да бидат извршени ревизии , согласно тендерската документација изнесува  6 (шест) месеци од денот на потпишувањето на Договорот за јавно приватно партнерство.

Рокот во кој Приваниот партнер е должен да ја изгради административно – деловната зграда и подземниот паркинг простор, согласно тендерскат документација изнесува  30 (триесет) месеци  сметано од денот на правосилноста на одобрението за градба.

**Член 7**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да го потпише Договорот за јавно приватно партнерство  со Приватниот партнер, а по потпишувањето на истриот  да формира стручна Комисија составена од 3 члена за следење на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1594/3**
**Од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План населба Хром-дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План населба Хром-дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08-1776/2**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски  с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# О Д Л У К А
# за донесување на Детален урбанистички план за Населба Хром-дел од Блок 5 Општина Ѓорче Петров-Скопје

**2013 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина IЃорче Петровв („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 07.06.2013 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Населба ХРОМ - дел од БЛОК 5**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за Населба Хром -дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров - Скопје, за плански период 2011-2016година.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002) и е во согласност со ГУП на Град Скопје 2012-2022година, како и со: Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10 и 64/11).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Населба Хром - дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 1,62 ха, со следни граници на плански опфат:

- на северозапад:осовина на крак од ул. "Исаија Маџоски"
- на североисток: ул."Исаија маџоски"
- на југозапад: ул. "Воин Драшкоци"
- на југоисток: осовина на краци од ул."Исаија маџоски"

**Ч л е н 3**

Донесениот Детален урбанистички план за Населба Хром -дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров е изработен од БОРТАС Доо Скопје, со технички број 335/11 од 05.2013година.

Деталниот урбанистички план е со следната содржина:

## ВОВЕД

## I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Воведен дел........................................................................................ 1

1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат......................................................................................... 1
2. Историјат на планирањето................................................................... 1
3. Природни чинители.................................................................................. 2
3.1. Сообраќајна поврзаност........................................................................ 2
3.2. Рељеф...................................................................................................... 2
3.3. Клима, хидрографија, сеизмологија.................................................... 2
4. Создадени вредности................................................................................ 2
5. Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура........................................................................ 2
5.1. Намена на просторот............................................................................ 2
5.2. Состојба на градежен фонд.................................................................. 3
5.3. Население...............................................................................................3
5.4. Сообраќај................................................................................................3
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини и градби од културно-историско значење.................................................. 3
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктур.. 4
7.1. Хидротехничка инфраструктура......................................................... 4
Водоснабдување........................................................................................ 4
Канализација.............................................................................................. 4
Фекална канализација................................................................................4
Атмосферска канализација........................................................................ 4
7.2. Електроенергетска мрежа.................................................................... 5
7.3. Телефонска мрежа.................................................................................5
7.4. Топлификациона мрежа....................................................................... 5
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби.............. 5
9. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план....5
10. Анализа на можностите за просторен развој...........................................6
11. Извод од план од повисоко ниво.............................................................. 6

### Нумерички показатели

Нумерички показатели.......................................................................... 6

**Б.ГРАФИЧКИ  ДЕЛ**


1. Извод од ГУП на Скопје 2002.................................................. 1/5000
2. Извод од ДУП за населба Хром - блок 5................................ 1/1000
3. Ажурирана геодетска подлога........................................... 1/1000
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура................................................1/1000
5. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура-хидротехничка инфраструктура ....................... .1/1000
6. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура-електрика, телефонија, гасовод .........................1/1000
7. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби..... 1/1000
8. Граница на плански опфат .......................................................... 1/1000


**II .ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ


12. Вид на планот......................................................................................... 1
13. Географска и геодетска местоположба................................................ 1
14. Извод од план од повисоко ниво........................................................... 1
15. Планска програма- дополна ....................................................................2
4.1. Планска програма ................................................................................. 4
16. Плански концепт...................................................................................... 6
17. Плански решенија за градба................................................................... 7
18. Економско образложение........................................................................ 7
19. Општи услови за изградба.......................................................................8
20. Посебни услови за изградба.................................................................... 12
21. Сообраќај и паркирање.............................................................................17
22. Нивелмански план..................................................................................... 17
23. Хидротехничка инфраструктура...............................................................18
    1. Водоснабдување.....................................................................................18
    1.1. Потребна количина на вода.............................................................. 18
    2. Канализација.......................................................................................... 20
    2.1. Фекална канализација....................................................................... 20

2.2. Атмосферска канализација........................................................ 21
24. Електроенергетика..................................................................... 21
1. Домување.................................................................................. 22
2. Улично осветлување....................................................................22
25. Телефонска мрежа.......................................................................23
26. Мерки за заштита........................................................................23

**Нумерички дел**

– Нумерички показатели
– Билансни показатели

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите ...................... 1/1000
2. План на регулација............................................................ 1/1000
3. План на површини за градење ......................................... 1/1000
4. Сообраќаен план..................................................................1/1000
5. Сообраќаен план - подземно паркирање............................1/1000
6. Нивелмански план................................................................1/1000
7. Инфраструктурен план – хидротехничка инфраструктура 1/1000
8. Инфраструктурен план - електрични и телефонски инсталации ..........................................................................1/1000
9. Синтезен план.......................................................................1/1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Составен дел на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Населба ХРОМ -дел од БЛОК 5 е Предлог - деталниот урбанистички план со сите негови делови.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1594/4**
**07.06. 2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08-1776/3**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) и член 43 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006г.), Советот на Општина Ѓорче Петров на 04-та седница одржана на 07.06.2013г. ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров**

**за 2013 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **JIA ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РЕОНОТ НА с. ВОЛКОВО** | | | | | |
| 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори | -6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2013 година.

**Бр. 07-1594/5**
**од 07.06.2013г**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките за даноци и комунални такси на Општина Ѓорче Петорв**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките за даноци и комунални такси на Општина Ѓорче Петорв, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08-1776/4**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски  с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

С к о п ј е,  Јуни
2013 година

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/2002), член 27 став 2 од Законот за Град Скопје (Сл.весник на Р.М. бр. 55/2004), член 6 став 5 од Законот за даноците на имот (Сл.весник на Р.М. бр.61/2004) и член 16 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 07.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
### за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките за даноци и комунални такси на општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на стапките на даноци и комунални такси на општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Град Скопје број 7/2005), во член 2 се брише став 2.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“, а ќе се применува од 01.01.2014 година.

**Број 07-1594/6**
**Од 07.06.2013 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е д с е д а т е л**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за набавка на нови патнички моторни возила**

Се објавува Одлуката за набавка на нови патнички моторни возила, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08- 1776/5**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски  с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# О Д Л У К А

## за набавка на нови патнички моторни возила

**Јуни, 2013 година**

**Скопје**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02), согласно член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 07.06.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за набавка на нови патнички моторни возила**

**Член 1**

За потребите на Општина Ѓорче Петров се одобрува набавка на 2 (две) патнички моторни возила.

**Член 2**

Средствата потребни за оваа набавка се планирани во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Член 3**

Постапката за набавка ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.
Се задолжува Градоначалникот на Општината да формира Комисија за спроведување на постапката за јавна набавка на возилата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 1594/7**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за набавка на половно товарно моторно возило-кипер**

Се објавува Одлуката за набавка на половно товарно моторно возило-кипер, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08- 1776/6**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## ОДЛУКА
## за набавка на половно товарно моторно возило-кипер

Јуни, 2013 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница, одржана на ден 07.06.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за набавка на половно товарно моторно возило-кипер**

**Член 1**

Да се изврши набавка на 1 (едно) половно товарно моторно возило-кипер за потребите на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Средствата за набавка на половно товарно моторно возило-кипер се предвидени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Член 3**

Постапката за набавка ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.
Се задолжува Градоначалникот на Општината да формира Комисија за спроведување на постапката за јавна набавка на возилото.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-1594/8**
**од 07.06.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за единствен износ на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните Избори 2013 година**

Се објавува Одлуката за единствен износ на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните Избори 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.06.2013 година.

**Број 08-1776/7**
**од 07.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

